Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука**

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на извештај за извршен попис на парични средства на жиросметките, благајната, побарувањата, градежните објекти, улици, патишта и опрема на општина Македонска Каменица за 2025 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

**Бр.09-310/1** **Градоначалник**
**03.02.2026 г.** **Соња Стаменкова с.р**
**М.Каменица**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр.20/19, 38/20 и 33/24), Советот на општина Македонска Каменица на 6та седница одржана на ден 03.02.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на извештај за извршен попис на парични средства на жиросметките, благајната, побарувањата, градежните објекти, улици, патишта и опрема на општина Македонска Каменица за 2025 година.**

**Член 1**

Советот на општина Македонска Каменица го усвои извештајот за извршен попис на парични средства на жиросметките, благајната, побарувањата, градежните објекти, улици, патишта и опрема на општина Македонска Каменица за 2025 година**.**

Извештајот за извршен попис на парични средства на жиросметките, благајната, побарувањата, градежните објекти, улици, патишта и опрема на општина Македонска Каменица за 2025 година е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“

**Бр. 08-311/1** **Совет на општина М.Каменица**
**03.02.2026 г.** **Претседател**
**М.Каменица** **Злате Алексовски с.р**